ТоплификацијА АД - Скопје
Друштво за производство и дистрибуција на топлинска енергија

Друштво за производство и дистрибуција
на топлинска енергија
ТОПЛИФИКАЦИЈА АД
Бр. 01-372/1
Скопје 28.07.2016

**ИНФОРМАЦИЈА ВО ВРСКА СО ГОДИШНОТО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ НА ТОПЛИФИКАЦИЈА АД-СКОПЈЕ ЗАКАЖАНО ЗА 12.07.2016 ГОДИНА**

Во дневниот весник Вечер на ден 21.07.2016 година, од страна на претседавачот со седницата на собранието на акционери на Топлификација АД Скопје беше објавен повик за одржување на продолжена седница на Годишно собрание на акционери на Топлификација АД закажана за ден 28.07.2016 година..

Топлификација АД- Скопје во дневниот весник Вечер на ден 25.07.2016 година објави демант во врска со претходно објавениот повик од 21.07.2016 година, во смисла на тоа дека тој повик не е даден од Топлификација АД-Скопје.

Основен документ за седницата на собранието на акционери одржана на ден 19.07.2016 година е записникот од настанот како би можеле акционерите да бидат информирани за сите случувања на седницата и за законитоста на настанот.

До денес Топлификација АД нема официјален записник од седницата одржана на ден 19.07.2016 година.

Од неофицијална копија од записникот од седницата на собрание на акционери одржана на ден 19.07.2016 година воочени се сериозни отстапувања од законските одредби случени во текот на седницата кои се нотирани од страна на нотарот кој го водеше записникот.

Имајќи ги во предвид погоре изнесените факти, Управниот одбор со цел да се организира Собрание на акционери согласно законските одредби одлучи да закаже ново собрание на акционери на Топлификација АД-Скопје кое ќе се одржи на ден 04.10.2016 год.(вторник) со почеток во 17.00 часот во Хотел Александар Палас, со истиот дневен ред како дневниот ред објавен за седницата на собрание на акционери закажана за 19.07.2016 година.

Топлификација АД Скопје